ЈЗУ – ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ТРЕНД НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ИНДИКАТОРИ "ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ" ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОД 2012-2022 ГОДИНА

Скопје , 2024

ЈЗУ – ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА

# ТРЕНД НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ИНДИКАТОРИ "ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ" ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОД 2012-2022 ГОДИНА

Скопје 2024 година

Ј.З.У. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија-Скопје

ДИРЕКТОР,  проф. д-р Шабан МЕМЕТИ

ОДДЕЛ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ПРОМОЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА БОЛЕСТИ

АВТОРИ:

М-р д-р Тања Лековска-Стоицовска    Специјалист по социјална  медицина

Д-р Мартин Петровски    Доктор на специјализација по социјална медицина

УРЕДНИК:

Проф.д-р Елена Ќосевска    Специјалист по социјална медицина

ТЕХНИЧКА ПОДГОТОВКА:
Борче Андоновски
Сузана Дунгевска

Печати:

Тираж:

# Содржина

**ПРЕДГОВОР** **7**

**1. ВОВЕД** **9**

**2. ТРЕНД НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ИНДИКАТОРИ “ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ” ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОД 2012-2022 ГОДИНА** **11**

2.1.Демографски и социо-економски индикатори 11

2.2.Индикатори за морталитет 17

2.3 Индикатори за морбидитет, инвалидитет и испишани болни 21

2.4.Индикатори за околината 23

2.5.Искористеност и трошоци во здравствената заштита 25

2.6.Мајчино и детско здравје 29

**3. ЗАКЛУЧОЦИ** **34**

# ПРЕДГОВОР

Информацијата за трендот на здравствените индикатори "Здравје за сите" во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година се изготви согласно Националната годишна програма за јавно здравје на Република Северна Македонија ( Сл. весник на РСМ бр.18/24) и Планот и Програмата за работа на Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија - Скопје.

Информацијата има за цел да го прикаже трендот на индикаторите кои Република Северна Македонија ги доставува до Европската база на податоци - Здравје за сите (HFA-DB) во период од 2012-2022 година и да се изврши споредба на одредени индикатори со соодветните показатели од други земји членки на СЗО.

Во период од 2012-2022 година извршено е ретроспективно истражување на индикаторите кои опфаќаат основна демографија, здравствена состојба, здравствени детерминанти и фактори на ризик, како и ресурси, расходи за здравствена заштита и друго, а кои Институтот за јавно здравје како референтен центар ги прибира секоја година од релевантни установи во Република Северна Македонија и како табеларен приказ во Excell ги доставува до Европската база на податоци - Здравје за сите (HFA-DB). Извршена е споредба на одредени индикатори со соодветните показатели од други земји членки на СЗО и користени се публикации, информации, извештаи и друга стручна литература од областа.

# 1. ВОВЕД

Собирањето и ширењето информации е една од клучните законски улоги на Светската здравствена организација (СЗО). За да ја оствари оваа функција, СЗО се потпира на информации доставени од земјите-членки (член 63 и 64 од Уставот на СЗО). Собраните податоци се дистрибуираат назад до земјите и другите корисници во форма на различни публикации и бази на податоци.

Здравствен индикатор е начин на мерење на одредени здравствени карактеристики кај дадена популација. За целите на овој документ, здравствените индикатори се дефинирани како збирни мерки кои опфаќаат релевантни информации за различни атрибути и димензии на здравствената состојба и перформансите на здравствениот систем.

Регионалната канцеларија на СЗО за Европа (СЗО/Европа) редовно собира основни здравствено статистички податоци од европските земји-членки на СЗО и ги дистрибуира главно во форма на европска база на податоци - Здравје за сите (HFA-DB). Индикаторите за HFA се широко користени за согледување на здравствената состојба и анализа на трендови во меѓународен контекст.

СЗО/Европа го испраќа до земјите-членки тековното барање за обезбедување податоци за HFA-DB, вклучувајќи ги и Упатствата, Excel табелата пополнета со податоците пријавени во СЗО во претходните години и Документот со дефиниции за соодветните индикатори. Овие упатства се наменети да ги користат националните служби за здравствена статистика кои се номинирани да даваат податоци на СЗО. Тоа се технички агенции (обично статистички одделенија на министерствата за здравство или аналогни институции), кои собираат, обработуваат и чуваат најголем дел од рутинските статистички податоци за здравството за нивната земја.

Главните принципи кои се применуваат при собирањето податоци се:

1. Регионалната канцеларија на СЗО за Европа најпрво прави максимални напори да собере достапни податоци од други извори на податоци и меѓународни организации со цел да се избегне непотребно оптоварување за земјите поради дупло известување.

2. Од земјите се бара да обезбедат само рутински собрани национални податоци, кои се лесно достапни во повеќето земји. Од земјите не се очекува да започнат со собирање на какви било конкретни податоци исклучиво со цел да ги доставaт до СЗО, освен ако земјата не ги смета првенствено корисни за национални цели.

3. Со цел да се подобри меѓународната споредливост на податоците, се препорачуваат работни дефиниции за повеќето барани податоци. Постоечките и меѓународно користените дефиниции се земени предвид секогаш кога се достапни. Се очекува дека земјите ќе можат да ги приспособат своите национални статистики за да се усогласат со препорачаните дефиниции. Кога тоа не е можно, достапните податоци треба да се обезбедат такви какви што се, а националните дефиниции или разликите од препорачаните заеднички дефиниции треба да се опишат или ажурираат (види DEFN22DEFN23**.docx). Се препорачува да се вклучат информации за усогласеноста со дефиницијата, изворите на податоци, покриеноста и кој било друг аспект што може да го олесни толкувањето на индикаторите.

По секое годишно ажурирање, базата на податоци - Здравје за сите HFA-DB е достапна преку Европскиот портал за здравствени информации на: https://gateway.euro.who.int/en/.

За оние земји кои поднесуваат податоци до сите 3 меѓународни организации, Евростат / ОЕЦД / СЗО Европа, заедничката збирка на податоци ќе биде проширена за да ја покрие и областа на активностите за здравствена заштита. Затоа, за да се избегне дуплирање на работата за националните служби во овие земји, некои показатели поврзани со активностите за здравствена заштита се изоставени од барањето на податоци за HFA.

Од средината на 1980-тите, земјите-членки на Европскиот регион на СЗО известуваат за суштински статистички податоци поврзани со здравјето до базите на податоци Здравје за сите (HFA), што го прави еден од најстарите извори на податоци на СЗО. Бидејќи се заснова на пријавени податоци, базите на податоци на HFA се исто така особено вредни.

Базите на податоци на HFA ги обединуваат индикаторите кои се дел од главните рамки за мониторинг релевантни за регионот, како што се Здравје во 21 век и Целите за одржлив развој-Агенда 2030. Индикаторите опфаќаат основна демографија, здравствена состојба, здравствени детерминанти и фактори на ризик, како и ресурси, расходи за здравствена заштита и друго.

Базите на податоци на HFA овозможуваат пристап до регионални, национални и некои субнационални индикатори и метаподатоци, кои се визуелизираат преку интерактивни онлајн алатки во истражувачот Health for All. Податоците, метаподатоците, графиконите и мапите може да се прикажуваат или споделуваат онлајн и на социјалните мрежи.

Индикаторите се поделени во повеќе групи, и тоа:

- Демографски и социо-економски индикатори
- Индикатори за морталитет
- Индикатори за морбидитет, инвалидитет и испишани болни
- Индикатори за животниот стил
- Индикатори за околината
- Искористеност и трошоци во здравствената заштита
- Мајчино и детско здравје

# 2. ТРЕНД НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ИНДИКАТОРИ "ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ" ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОД 2012-2022 ГОДИНА

## 2.1. Демографски и социо-економски индикатори

**Индикатор бр. Е999997.Т Проценка на средногодишното „де факто" население, вкупно**

**Индикатор бр. Е999997.М Проценка на средногодишното „де факто" население, мажи**

**Индикатор бр. Е999997.F Проценка на средногодишното „де факто" население, жени**

Бројот на жители спаѓа во групата демографски индикатори. За Република Северна Македонија за период од 2012-2020 година до HFA-DB е доставувана проценка на средногодишното „де факто" население вкупно и по пол односно проценка од 30.06. Проценка на населението е особено важна за некои земји од централна и источна Европа кои сè уште немаат спроведено попис на населението, а биле погодени од војна и/или економски тешкотии во текот на 1990-тите и имале соодветни драматични промени во нивното население поради миграцијата и нискиот наталитет. Проценката во РСМакедонија во периодот 2012-2020 година е вршена врз основа на пописот од 2002 година според кој во 2002 година во земјата живееле 2.022.547 граѓани, додека во периодот 2012-2020 година, според проценките бројот на населението се движел од 2061044 во 2012 година до 2072531 во 2020 година. Во истиот период бројот на мажи е поголем во однос на бројот на жени.

Во 2021 година е спроведен попис на населението и до HFA-DB е доставен бројот на население од пописот. Пописот во 2021 година покажа дека вкупното население што живее во земјава или резидентно население е 1.836.713 граѓани и се регистрирани 185.834 жители помалку отколку пред 20 години. Истовремено променета е и половата структура. За разлика од 2002, сега во државата има повеќе жени од мажи. Во 2022 година е доставена проценка на населението од 30.06. (Табела 1, Дијаграм 1,2,3)

Бројот на население е многу важен показател и се користи како именител за пресметување на повеќе други показатели.

**Табела 1:** Проценка на средногодишното „де факто" население во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година, вкупно и по пол

| Индикатори | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Население според проценка од 30.06, вкупно | 2061044 | 2064032 | 2067471 | 2071278 | 2072490 | 2074502 | 2076217 | 2076694 | 2072531 | 1836713* | 1831712 |
| Население според проценка од 30.06., мажи | 1032532 | 1033990 | 1035680 | 1037601 | 1038107 | 1038948 | 1039742 | 1039958 | 1037467 | 911087* | 908165 |
| Население според проценка од 30.06., жени | 1028512 | 1030042 | 1031791 | 1033677 | 1034383 | 1035554 | 1036475 | 1036736 | 1035064 | 925626* | 923547 |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

Обработка: Институт за јавно здравје на РСМ

*Податоци од Попис 2021 година

**Дијаграм 1:** Проценка на средногодишното „де факто" население во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година, вкупно




**Дијаграм 2:** Проценка на средногодишното „де факто" население во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година, мажи




**Дијаграм 3:** Проценка на средногодишното „де факто" население во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година, жени



**Индикатор бр. E999998.T Број на живородени, вкупно**
**Индикатор бр. E999998.M Број на живородени, машки деца**
**Индикатор бр. E999998.F Број на живородени, женски деца**

Живородено дете - Живораѓање е комплетно исфрлање или вадење на производот на зачетокот од телото на мајката, независно од траењето на бременоста, кој по тоа одвојување дише или покажува други знаци на живот како отчукувања на срцето, пулсирање на папочната врвца или јасни движења на мускулите, без разлика дали папочната врвца била пресечена или не.

Во Република Северна Македонија во периодот од 2012-2022 година бројот на живородени континуирано опаѓа. Во 2022 година бројот на живородени деца бил 18073 и е намален за 23,3% во однос на 2012 година кога бројот на живородени изнесувал 23568.

Во структурата според пол, кај живородените деца машките имаат поголемо учество во целиот период. Во 2022 година во вкупниот број на живородени 51,2% се машки, односно на 100 живородени женски деца 104,8 се машки. Бројот на живородени машки деца во 2022 година е намален за 24,4%, а на женски за 22,2% во однос на 2012 година.(Табела 2, Дијаграм 4,5,6)

**Табела 2:** Број на живородени во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година, вкупно и по пол

| Индикатори | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на живородени, вкупно | 23568 | 23138 | 23596 | 23075 | 23002 | 21754 | 21333 | 19845 | 19031 | 18648 | 18073 |
| Број на живородени, мажи | 12243 | 12093 | 12172 | 11959 | 11868 | 11160 | 11173 | 10276 | 9796 | 9531 | 9259 |
| Број на живородени, жени | 11325 | 11045 | 11424 | 11116 | 11134 | 10594 | 10160 | 9569 | 9235 | 9117 | 8814 |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ
Обработка: Институт за јавно здравје на РСМ

**Дијаграм 4:** Број на живородени во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година, вкупно



**Дијаграм 5:** Број на живородени машки деца во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




**Дијаграм 6:** Број на живородени женски деца во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




## Индикатор бр. Е998006.Т Вкупна стапка на фертилитет

Вкупна стапка на фертилитет - го покажува веројатниот просечен број на живородени деца што би ги родила една жена од набљудуваната генерација, во фертилниот период (15-49 години), под услов на исто влијание на специфичните стапки на фертилитетот, како и во набљудуваната година, без влијание на морталитетот.

Стапката на фертилитет во Македонија во периодот 2012-2022 година осцилира. Во 2012 година изнесува 1.5, во 2015 година 1.49, во 2019 година 1.3, во 2021 година 1.6 и во 2022 година 1,59. Во 2021 година и во 2022 година стапката на фертилитет е во рамките на повеќегодишниот просек на ЕУ кој се движел од 1,53-1,62, додека во останатите години од анализираниот период стапката на фертилитет е под европскиот просек. (Табела 3, Дијаграм 7)

Во сите земји каде вкупната стапка на фертилитет е под 1,5 наоѓаме депопулација, најчесто поради негативното природно движење, а секако и негативната состојба со миграцијата на младото население во економски поразвиените земји како што е состојбата и со Северна Македонија.

Во дијаграм 8 е прикажана стапката на фертилитет во некои европски држави. Таа се движи од 1,4 во Грција, 1,5 во Србија, 1,6 во Бугарија, 1,7 во Шведска и 1,8 во Франција (последни достапни податоци). Може да се забележи дека во поразвиените земји стапката на фертилитет е повисока.

**Табела 3:** Вкупна стапка на фертилитет во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатор | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на фертилитет | 1.51 | 1.48 | 1.52 | 1.49 | 1.5 | 1.43 | 1.42 | 1.3 | 1.31 | 1.6 | 1.59 |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

Обработка: Институт за јавно здравје на РСМ

**Дијаграм 7:** Вкупна стапка на фертилитет во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




**Дијаграм 8:** Вкупна стапка на фертилитет во некои европски држави во период 2012-2022 година




Извор: https://gateway.euro.who.int/en/

## Индикатор бр. E020501.T Стапка на невработеност во %

„Невработени" ги опфаќаат сите лица над одредена возраст кои во референтниот период биле: без работа, моментално достапни за работа или бараат работа. Применета е дефиницијата на Меѓународната организација на трудот (МОТ).

Во Република Северна Македонија стапката на невработеност во анализираниот период покажува значаен тренд на опаѓање и се движи од 31,0 во 2012 година до 14,4 во 2022 година. Треба да се направи истражување на што се должи намалувањето на стапката на невработеност, дали на вработување на невработеното население или на миграцијата на работоспособното население во економски развиените земји. (Табела 4, Дијаграм 9)

Стапката на невработеност во 2022 година во Северна Македонија е поголема во споредба со стапката на невработеност во некои европски држави. Во Шведска стапката е 7,5, во Франција 7,8, во Бугарија 4,3, а во Србија 11,4. Грција има стапка на невработеност од 14,7, слична како Северна Македонија (последни достапни податоци). (Дијаграм 10)

**Табела 4:** Стапка на невработеност во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатор | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на невработеност | 31.0 | 29.0 | 28.0 | 26.1 | 23.7 | 22.4 | 20.7 | 17.3 | 16.4 | 15.7 | 14.4 |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

Обработка: Институт за јавно здравје на РСМ

**Дијаграм 9:** Стапка на невработеност во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




**Дијаграм 10:** Стапка на невработеност во некои европски држави во период 2012-2022 година




Извор: https://gateway.euro.who.int/en/

### Индикатор бр. Е990003.Т Годишна просечна стапка на инфлација

Стапката на инфлација се мери со стапката на раст на дефлаторот на БДП во дадената година во однос на претходната година. Применета е дефиницијата на Светска банка.

Годишна просечна стапка на инфлација во Северна Македонија во период 2012-2022 година осцилира и се движи од 3,3% во 2012 година, -0,2% во 2016 година, 1,2% во 2020 година, додека во 2022 година се забележува голем пораст на стапката на инфлацијата и истата изнесува 14,2%. (Табела 5, Дијаграм 11)

Во 2022 година, просечната годишна стапка на инфлација во ЕУ е 9,2% и достигнува највисоко ниво измерено досега. Во споредба со 2021 година стапката е зголемена за повеќе од три пати кога изнесувала 2,9%.

Извор: https://ec.europa.eu/eurostat/web/products-eurostat-news/w/DDN-20230309-2#:~:text=In%202022%2C%20EU%20annual%20 inflation,level%20ever%20measured%20at%209.2%25

**Табела 5:** Годишна просечна стапка на инфлација во % во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатор | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Годишна просечна стапка на инфлација во % | 3.3 | 2.8 | -0.3 | -0.3 | -0.2 | 1.4 | 1.5 | 0.8 | 1.2 | 3.2 | 14.2 |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

Обработка: Институт за јавно здравје на РСМ

**Дијаграм 11:** Годишна просечна стапка на инфлација во % во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




## 2.2. Индикатори за морталитет

### Индикатор бр. Е075102.Т Број на умрени новороденчиња од 0-6 дена

Неонаталниот период, кој глобално е прифатено дека започнува со раѓање и завршува на 28 завршени денови од животот, е забележан како најранлив период во животот на доенчето. Неонаталната смрт е дефинирана од страна на Светската здравствена организација (СЗО) како „смрт на живородените деца во текот на првите 28 завршени денови од животот" што понатаму може да се подели на рана неонатална смрт (смрт помеѓу 0 и 7 завршени денови од раѓање) и доцна неонатална смрт (смрт по 7 дена до 28 завршени денови од раѓање).

Водечките причини за неонатална смрт на глобално ниво се: компликации од предвремено породување, интрапартални компликации (неонатална енцефалопатија од раѓање како резултат на асфиксија/траума), неонатална сепса и други неонатални инфекции вклучувајќи пневмонија, дијареа и др.

Смртноста на новороденчиња од 0-6 дена во Р.С.Македонија значително опаѓа во периодот 2012-2022 година. Во 2012 година умреле 119 новороденчиња од 0-6 дена, а во 2022 година 15. (Табела 6, Дијаграм 12)

**Табела 6:** Број на умрени новороденчиња од 0-6 дена во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатор | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на умрени новороденчиња од 0-6 дена | 119 | 139 | 131 | 114 | 174 | 132 | 73 | 57 | 56 | 31 | 15 |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

Обработка: Институт за јавно здравје на РСМ

**Дијаграм 12:** Број на умрени новороденчиња од 0-6 дена во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




**Индикатор бр. Е075402.Т Број на мртвородени**

Мртвороденост (фетална смрт, мортиналитет) е смрт пред целосното исфрлање или вадење на производ на зачнување од мајката, без оглед на времетраењето на бременоста (по можност со тежина од 500 g или повеќе). На смртта укажува фактот дека по таквото раздвојување фетусот не дише и не покажува други знаци за живот, како што се чукање на срцето, пулсирање на папочната врвца или јасни движења на мускулите.

На мртвороденоста влијаат повеќе фактори, како на пример: телесна градба на мајката (различни карлични мерки), пол на детето (поголема е мртвороденоста кај машките деца), навики (посебно исхраната), распространетоста на болести во популацијата (сифилис и сл.), пружање стручна помош при раѓање итн.

Бројот на мртвородени во периодот 2012-2022 година во Република Северна Македонија покажува тренд на опаѓање со повремени осцилации. Бројот на мртвородени се движи од 184 во 2012 година, 197 во 2016 година 151 во 2018 година и 110 во 2022 година. (Табела 7, Дијаграм 13)

**Табела 7:** Број на мртвородени во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатор | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на мртвородени | 184 | 196 | 171 | 185 | 197 | 192 | 151 | 141 | 136 | 142 | 110 |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

Обработка: Институт за јавно здравје на РСМ

**Дијаграм 13:** Број на мртвородени во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




## Индикатор бр. E075003.T Број на живородени со тежина над 1000 грама

Во РС Македонија бројот на живородени со родилна тежина над 1000 грама во периодот 2012-2022 година опаѓа, но треба да се земе во предвид дека исто така опаѓа и вкупниот број на живородени. Меѓутоа, ако се согледа процентуалната застапеност на живородени со родилна тежина над 1000 грама во вкупниот број на живородени ќе се забележи дека во периодот 2012-2020 година процентуалната застапеност е околу 99,5%, додека во 2021 и 2022 година се намалува на 97,9% односно на 97,8%. (Табела 8, Дијаграм 14)

**Табела 8:** Број на живородени со тежина над 1000 грама во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатор | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на живородени со тежина над 1000 грама | 23498 | 23044 | 23505 | 22994 | 22895 | 21647 | 21051 | 19769 | 18896 | 18251 | 17681 |
| Број на живородени, вкупно | 23568 | 23138 | 23596 | 23075 | 23002 | 21754 | 21333 | 19845 | 19031 | 18648 | 18073 |
| % | 99,7% | 99,6% | 99,6% | 99,6% | 99,5% | 99,5% | 98,7% | 99,6% | 99,3% | 97,9% | 97,8% |

Извор: Завод за заштита на мајки и деца

**Дијаграм 14:** Број на живородени со тежина над 1000 грама во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




**Индикатор бр. Е085110.Т Број на смртни случаи на мајки**

Матернален морталитет е смрт на жена додека е бремена или во рок од 42 дена од завршување на бременоста, без оглед на времетраењето и местото на бременоста, од било која здравствена причина поврзана или влошена од бременоста или нејзиното водење, но, не од случајна причини. На оваа смртност влијаат многу социо-економски фактори и степенот на развиеност на здравствената заштита и здравствената служба, па матерналниот морталитет се користи како индикатор за проценка на здравствената состојба на жените, како и за проценка на квалитетот и адекватноста на здравствената заштита на оваа група на население.

Бројот на смртни случаи на мајки во анлизираниот период е 0 во 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 и 2022 година, 1 во 2012, 2013 и 2020 година и 2 во 2021 година. (Табела 9, Дијаграм 15)

**Табела 9:** Број на смртни случаи на мајки во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатор | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на смртни случаи на мајки | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 |

Извор: Завод за заштита на мајки и деца

**Дијаграм 15:** Број на смртни случаи на мајки во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година



## 2.3 Индикатори за морбидитет, инвалидитет и испишани болни

### Индикатор бр. E045608.T Број на нови случаи на дијабетес

### Индикатор бр. E045606.T Број на сите случаи на дијабетес

Бројот на нови случаи на дијабетес и бројот на сите случаи на дијабетес во Северна Македонија покажува тренд на зголемување. Бројот на нови случаи на дијабетес се зголемува од 2207 случаи во 2012 на 7737 случаи во 2022 година, додека бројот на сите случаи на дијабетес од 49276 случаи во 2012 година се зголемува на 134668 случаи во 2022 година. Постојат повеќе причини за ваквото зголемување на бројот на заболени од дијабетес: неправилен начин на живот, слабости во здравствениот систем, подобрување на здравствената евиденцијата итн. (Табела 10, Дијаграм 16 и 17)

**Табела 10:** Број на нови случаи и број на сите случаи на дијабетес во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатор | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на нови случаи на дијабетес | 2207 | 2533 | 2578 | 4075 | 5410 | -** | 6700 | 5378 | 7432 | 7460 | 7737 |
| Број на сите случаи на дијабетес | 49276 | 52673 | 59113 | 67511 | 76237 | -** | 70817 | 89964 | 133803 | 135690 | 134668 |

Извор: Институт за јавно здравј, Регистар за дијабет

**Заради промена на изворите на податоци и изготвување и имплементација на нова методологија на прибирање на податоци за заболени од дијабетес во 2017 година, ИЈЗРСМ во 2017 година не достави податоци до HFA-DB за број на нови случаи и вкупен број на случаи на дијабетес.

**Дијаграм 16:** Број на нови случаи на дијабетес во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




**Дијаграм 17:** Број на сите случаи на дијабетес во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година



**Индикатор бр. Е990451.Т Број на нови лица кои добиле инвалидско осигурување**

**Индикатор бр. Е990452.Т Број на лица кои примаат социјален/инвалидски надоместок**

Бројот на лица на кои им е доделен статус на инвалидност (попреченост) и соодветни социјални бенефиции во текот на дадената календарска година во Северна Македонија во периодот 2012 -2022 година не се менува значително освен во 2014, 2015 и 2020 година кога бројот на нови лица кои добиле инвалидско осигурување е забележително помал. Додека пак бројот на лица кои примаат социјален/инвалидски надоместок во анализираниот период бележи нагорен тренд и од 39795 лица во 2012 година кои примале социјален/инвалидски надоместок се зголемил на 86005 лица во 2022 година. (Табела 11, Дијаграм 18 и 19)

**Табела 11:** Број на нови лица кои добиле инвалидско осигурување и број на лица кои примаат социјален/инвалидски надоместок во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатор | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на нови лица кои добиле инвалидско осигурување | 1601 | 1432 | 1183 | 1008 | 1369 | 1486 | 1523 | 1419 | 1037 | 1583 | 1567 |
| Број на лица кои примаат социјален/инвалидски надоместок | 39795 | 35941 | 37455 | 33208 | 39389 | 42138 | 45642 | 64217 | 76103 | 79418 | 86005 |

Извор: Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија
Извор: Министерство за труд и социјална политика

**Дијаграм 18:** Број на нови лица кои добиле инвалидско осигурување во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




**Дијаграм 19:** Број на лица кои примаат социјален/инвалидски надоместок во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година



## 2.4. Индикатори за околината

### Индикатор бр. 220200 – Број на пријавени епидемии од микробиолошки контаминирана храна

### Индикатор бр. 225203 – Број на лица кои добиле труење со храна

Инфекции или интоксикации кои настануваат преку внес на микробиолошки контаминирана храна се: трихинелоза, салмонелоза, инфекции со кампилобактерии итн. Епидемија која настанува од микробиолошки контаминирана храна претставува изложеност на група на луѓе на внес на контаминирана храна со заедничко потекло. Во некои земји, епидемијата се прогласува кога се регистрирани повеќе од 15 случаи.

Во Северна Македонија најмал број на епидемии од микробиолошки контаминирана храна (1) во периодот 2012-2022 година имало во 2020 година, а најмногу (8) епидемии во 2017 и 2018 година. Најмал број на лица (57) добиле труење во храна во 2020 година, а најголем број (952) во 2012 година. (Табела 12, Дијаграм 20 и 21)

**Табела 12:** Број на пријавени епидемии од микробиолошки контаминирана храна и број на лица кои добиле труење со храна во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатор | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на пријавени епидемии од микробиолошки контаминирана храна | 5 | 4 | 2 | 6 | 3 | 8 | 8 | 3 | 1 | 3 | 3 |
| Број на лица кои добиле труење со храна | 952 | 935 | 909 | 574 | 540 | 332 | 419 | 320 | 57 | 67 | 170 |

Извор: Институт за јавно здравје

**Дијаграм 20:** Број на пријавени епидемии од микробиолошки контаминирана храна во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година



**Дијаграм 21:** Број на лица кои добиле труење со храна во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




**Индикатор бр. 115502 – Број на повредени лица поради несреќи при работа**

**Индикатор бр. 115503 – Број на смртни случаи поради несреќи при работа**

Професионалните повреди вклучуваат смртни случаи, лични повреди и болести кои се резултат на несреќи при работа. Несреќи при работа се несреќи што се случуваат на или во текот на работата што може да резултираат со смрт, лична повреда или болест (ILO Yearbook of Labor Statistics). Вклучени се сите индустрии. Несреќите при работа на пат до или од работа се исклучени. Разбирливо е дека националните дефиниции и практиките за регистрација значително се разликуваат.

Бројот на повредени лица поради несреќи при работа во анализираниот период има тренд на опаѓање. Во 2012 година се регистрирани 1375, а во 2022 година 574 повредени лица.

Бројот на смртни случаи во сите години од периодот 2012-2022 година е 0 освен во 2012 година кога е регистриран 1 смртен случај и во 2014, 2016 и 2017 година кога се регистрирани по 2 смртни случаи. (Табела 13, Дијаграм 22 и 23)

**Табела 13:** Број на повредени лица и број на смртни случаи поради несреќа при работа во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатор | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на повредени лица поради несреќи при работа | 1375 | 1229 | 975 | 1222 | 894 | 1111 | 846 | 1141 | 599 | 680 | 574 |
| Број на смртни случаи поради несреќа при работа | 1 | 0 | 2 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: Институт за јавно здравје

**Дијаграм 22:** Број на повредени лица поради несреќа при работа во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




**Дијаграм 23:** Број на смртни случаи поради несреќи при работа во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




## 2.5. Искористеност и трошоци во здравствената заштита

### Индикатор бр. 340102 – Вкупни здравствени трошоци како % од бруто домашен производ (БДП)

Вкупните здравствени трошоци како % од бруто домашниот производ (БДП) се добиваат како збир од сите извори на финансирање за здравствена заштита (Фонд за здравство на РСМ, Министерство за здравство и личен буџет на граѓаните – плаќање од џеб) пресметан како процент од БДП. За таа цел се користат податоци од Годишниот извештај на Фондот за здравство и Буџетот на Министерство за здравство. Потоа, се пресметува процентуално учество на средствата од Фондот и Министерство за здравство. Збирот од процентот од средствата на Фондот и Министерство за здравство се зголемува за 35% како дополнително плаќање од личниот буџет на граѓаните (приватно лекување, лекови без рецепт, партиципација и сл.). На тој начин се добиваат вкупните здравствени трошоци како процент од БДП.

Во Република Северна Македонија овие здравствени трошоци во период 2012-2022 година не се менуваат значително. Се движат од 6,69% во 2012 година, 8,2% во 2021 година, а 7,4% во 2022 година. (Табела 14, Дијаграм 24)

Во Србија и Бугарија овој индикатор изнесувал 8,5%, а во Грција и Италија 9,5% (последен достапен податок). (Дијаграм 25)

**Табела 14:** Вкупни здравствени трошоци како % од бруто домашен производ (БДП) во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатор | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупни здравствени трошоци како % од бруто домашниот производ (БДП) | 6.69 | 6.92 | 7.02 | 6.7 | 7.57 | 7.09 | 7.16 | 7.3 | 7.7 | 8.2 | 7.4 |

Извор: Фонд за здравство на РСМ, Министерство за здравство

Обработка: Институт за јавно здравје

**Дијаграм 24:** Вкупни здравствени трошоци како % од бруто домашен производ (БДП) во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




**Дијаграм 25:** Вкупни здравствени трошоци како % од бруто домашен производ (БДП) во некои европски држави во период 2012-2022 година



### Индикатор бр. 992703 – Јавни здравствени расходи како % од вкупни здравствени трошоци

За пресметување на јавни здравствени расходи како % од вкупни здравствени трошоци потребни се податоци за исплатените финансиски средства на здравствените установи од Фондот и збир од средствата издвоени за сите Програми финансирани од Министерство за здравство (трошоци за јавно здравје). Се зема вкупниот износ на финансиски средства од сите извори (апсолутен износ) од претходниот индикатор, вкупниот добиен износ како процент од БДП се споредува со трошоците за јавно здравје и се пресметува процентуално учество.

Јавни здравствени расходи како % од вкупни здравствени трошоци во анализираниот период во нашата земја покажуваат тренд на пораст и се движат од 48,69% во 2012 година, 61,34% во 2017 година до 64,2% во 2022 година. (Табела 15, Дијаграм 26)

Во Бугарија јавните здравствени расходи како % од вкупни здравствени трошоци биле 63,1%, во Грција 61,8%, а во Италија 73,6% (последен достапен податок). (Дијаграм 27)

**Табела 15:** Јавни здравствени расходи како % од вкупни здравствени трошоци во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатор | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јавните здравствени расходи како % од вкупните здравствени трошоци | 48.69 | 49.12 | 59.74 | 60.42 | 61.82 | 61.34 | 61.22 | 63.4 | 64.1 | 63.5 | 64.2 |

Извор: Фонд за здравство на РСМ, Министерство за здравство

Обработка*:* Институт за јавно здравје

**Дијаграм 26:** Јавни здравствени расходи како % од вкупни здравствени трошоци во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година



**Дијаграм 27:** Јавни здравствени расходи како % од вкупни здравствени трошоци во некои европски држави во период 2012-2022 година




### Индикатор бр. 992741 – Вкупни капитални инвестициски расходи за медицински установи како % од вкупни здравствени расходи

За да се добијат вкупни капитални инвестициски расходи за медицински установи како % од вкупни здравствени расходи потребни се податоци од Буџетот на Министерство за здравство за капитални инвестиции (изградба и реконструкција на здравствени објекти, опрема, возила за потребите на здравството и сл.). Преку споредба на збирот на финансиски средства за капитални инвестиции и вкупните финансиски средства од сите извори на финансирање за здравствена заштита, се добива процентуално учество на капиталните инвестиции во вкупните здравствени трошоци.

Во нашата земја вкупните капитални инвестициски расходи за медицински установи како % од вкупни здравствени расходи во периодот од 2012-2022 година континуирано се намалуваат од 7,85% во 2012 година до 1,07% во 2022 година. (Табела 16, Дијаграм 28)

**Табела 16:** Вкупни капитални инвестициски расходи за медицински установи како % од вкупни здравствени расходи во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатори | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно капитални инвестициски расходи за медицински установи како % од вкупни здравствени расходи | 7.85 | 11.99 | 5.36 | 4.41 | 4.89 | 4.41 | 4.83 | 2.4 | 2.4 | 1.3 | 1.07 |

Извор: Министерство за здравство

Обработка: Институт за јавно здравје

**Дијаграм 28:** Вкупни капитални инвестициски расходи за медицински установи како % од вкупни здравствени расходи во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




## 2.6. Мајчино и детско здравје

**Индикатор бр. 285500 – Број на абортуси, сите возрасти**

**Индикатор бр. 285501 – Број на абортуси кај жени на возраст помала од 20 години**

**Индикатор бр. 285502 – Број на абортуси кај жени на возраст поголема од 35 години**

Во периодот од 2012-2022 година во нашата земја бројот на регистрирани извршени абортуси на сите возрасти бележи тренд на опаѓање. Исто така, опаѓа бројот на извршени абортуси кај жени на возраст помала од 20 години и кај жени на возраст поголема од 35 години. (Табела 17, Дијаграм 29, 30 и 31) .

Вкупниот број на индуцирани абортуси, без оглед на методот, пришто тежината на плодот е од 500 g или 1000 g или соодветните гестациски периоди од 22 и 28 недели во РСМ во 2023 година изнесува 36, од кои кај жени на возраст под 20 години се извршени 4 абортуси, додека кај жени над 35 години се извршени вкупно 5 абортуси согласно доставени податоци од 10-те центри за јавно здравје во државата.

**Табела 17:** Број на абортуси, сите возрасти, број на абортуси кај жени на возраст помала од 20 години и број на абортуси кај жени на возраст поголема од 35 години во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатори | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на абортуси, сите возрасти | 5387 | 4983 | 4738 | 4587 | 4251 | 4236 | 3992 | 3784 | 3308 | 3168 | 2602 |
| Број на абортуси кај жени на возраст помала од 20 години | 236 | 237 | 217 | 217 | 161 | 142 | 144 | 127 | 76 | 78 | 107 |
| Број на абортуси кај жени на возраст поголема од 35 години | 1897 | 1756 | 1558 | 1530 | 1493 | 1471 | 1406 | 1388 | 1213 | 1112 | 960 |

Извор: Институт за јавно здравје

**Дијаграм 29:** Број на абортуси, сите возрасти во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




**Дијаграм 30:** Број на абортуси кај жени на возраст помала од 20 години во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




**Дијаграм 31:** Број на абортуси кај жени на возраст поголема од 35 години во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година



**Индикатор бр. 285601 – Број на живородени од мајки на возраст помала од 20 години**

**Индикатор бр. 285602 – Број на живородени од мајки на возраст поголема од 35 години**

Бројот на живородени на возраст помала од 20 години во периодот 2012-2022 година речиси двојно се намалува, додека бројот на живородени од мајки на возраств над 35 години во 2021 и 2022 години значително опаѓа во однос на претходните години од анализираниот период, кога бројот не се менува значително и е релативно стабилен. (Табела 18, Дијаграм 32 и 33)

**Табела 18:** Број на живородени од мајки на возраст помала од 20 години и број на живородени од мајки на возраст поголема од 35 години во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатори | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на живородени од мајки на возраст помала од 20 години | 1359 | 1180 | 1192 | 1042 | 1004 | 965 | 928 | 914 | 936 | 739 | 722 |
| Број на живородени од мајки на возраст поголема од 35 години | 2410 | 2964 | 3064 | 3464 | 3374 | 3420 | 3392 | 3347 | 3236 | 2376 | 2084 |

Извор: Завод за заштита на мајки и деца

Извор: Институт за јавно здравје

**Дијаграм 32:** Број на живородени од мајки на возраст помала од 20 години во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




**Дијаграм 33:** Број на живородени од мајки на возраст поголема од 35 години во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година



### Индикатор бр. 160401 – Процентот на живородени со родилна тежина од 2500 гр. или повеќе

Процентот на живородени со родилна тежина од 2500 гр. или повеќе во следениот период континуирано опаѓа, во 2012 година изнесува 92,8%, а во 2022 година 90,0%. (Табела 19, Дијаграм 34)

**Табела 19:** Процент на живородени деца со родилна тежина од 2500 гр. или повеќе во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатор | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент на живородени деца со родилна тежина од 2500 гр. или повеќе | 92.8 | 92.6 | 92.7 | 92.4 | 91.8 | 91.8 | 92.0 | 91.8 | 90.5 | 91.7 | 90.0 |

Извор: Завод за заштита на мајки и деца

**Дијаграм 34:** Процент на живородени деца со родилна тежина од 2500 гр. или повеќе во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




### Индикатор бр. 045800 – Број на деца родени со конгенитални аномалии

Број на деца родени со конгенитални аномалии од 566 во 2012 година се зголемува дури на 1351 во 2015 година, за да во 2021 година се намали на 487 и во 2022 година на 509. (Табела 20, Дијаграм 35)

**Табела 20:** Број на деца родени со конгенитални аномалии во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатор | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на деца родени со конгенитални аномалии | 566 | 1104 | 1266 | 1351 | 1219 | 1232 | 1009 | 924 | 801 | 487 | 509 |

Извор: Институт за јавно здравје

**Дијаграм 35:** Број на деца родени со конгенитални аномалии во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година




## Индикатор бр. 045803 – Број на деца родени со Down-ов синдром

Во перодот 2012-2022 година бројот на деца дијагностицирани со Down-ов синдром во првата година од животот се движи од 8 до 12, освен во 2015 година кога се пријавени 19 и во 2020 година 15 деца. (Табела 21, Дијаграм 36)

Табела 21: Број на деца родени со Down-ов синдром во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година

| Индикатор | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на деца родени со Down-ов синдром | 11 | 12 | 9 | 19 | 12 | 12 | 8 | 8 | 15 | 9 | 10 |

Извор: ЈЗУ УК за детски болести

**Дијаграм 36:** Број на деца родени со Down-ов синдром во Република Северна Македонија во период 2012-2022 година



# 3. ЗАКЛУЧОЦИ

1. Проценката на населението во РСМакедонија во периодот 2012-2020 година е вршена врз основа на пописот од 2002 година според кој во 2002 година во земјата живееле 2.022.547 граѓани, додека во периодот 2012-2020 година, според проценките бројот на населението се движел од 2061044 во 2012 година до 2072531 во 2020 година. Во истиот период бројот на мажи е поголем во однос на бројот на жени.

2. Пописот во 2021 година покажа дека вкупното население што живее во земјава или резидентно население е 1.836.713 граѓани и се регистрирани 185.834 жители помалку отколку пред 20 години. Истовремено променета е и половата структура. За разлика од 2002, сега во државата има повеќе жени од мажи.

   Порастот на населението, на глобално ниво, значително забавува, а во сè поголем број земји, повеќето од Централна и Источна Европа, се движи во надолна насока каде што комбинацијата од иселувањето и нискиот наталитет ја намалува бројноста на населението. Со ваков проблем се соочува и нашата држава. Доколку овој проблем не се реши, може да ја загрози иднината на економиите на земјите кои се соочуваат со овој проблем, социјалните системи и инфраструктури.

3. Во Република Северна Македонија во периодот од 2012-2022 година бројот на живородени континуирано опаѓа. Во 2022 година бројот на живородени деца бил 18073 и е намален за 23,3% во однос на 2012 година кога бројот на живородени изнесувал 23568. Во структурата според пол, кај живородените деца машките имаат поголемо учество во целиот период.

4. Стапката на фертилитет во Македонија во периодот 2012-2022 година осцилира. Во 2021 година стапката изнесува 1.6, а во 2022 година 1.59 и е во рамките на повеќегодишниот просек на ЕУ кој се движел од 1,53-1,62, додека во останатите години од анализираниот период стапката на фертилитет е под европскиот просек.

5. Во Република Северна Македонија стапката на невработеност во анализираниот период покажува значаен тренд на опаѓање и се движи од 31,0 во 2012 година до 14,4 во 2022 година. Треба да се направи истражување на што се должи намалувањето на стапката на невработеност, дали на вработување на невработеното население или на миграцијата на работоспособното население во економски развиените земји.

6. Годишна просечна стапка на инфлација во Северна Македонија во период 2012-2022 година осцилира и се движи од 3,3% во 2012 година, -0,2% во 2016 година, 1,2% во 2020 година, додека во 2022 година се забележува голем пораст на стапката на инфлацијата и истата изнесува 14,2%.

7. Смртноста на новороденчиња од 0-6 дена во Р.С.Македонија значително опаѓа во периодот 2012-2022 година. Во 2012 година умреле 119 новороденчиња од 0-6 дена, а во 2022 година 15. Намалувањето на смртноста на доенчиња се должи на превземените мерки од страна на државата во изминатите десетина години.

8. Бројот на мртвородени во периодот 2012-2022 година во Република Северна Македонија покажува тренд на опаѓање со повремени осцилации, кое исто така е резултат на поголемата поддршка на државата за надминување на оваа појава.

9. Бројот на живородени со родилна тежина над 1000 грама во РС Македонија во периодот 2012-2022 година опаѓа, но треба да се земе во предвид дека исто така опаѓа и вкупниот број на живородени. Меѓутоа, ако се согледа процентуалната застапеност на живородени со родилна тежина над 1000 грама во вкупниот број на живородени ќе се забележи дека во периодот 2012-2020 година процентуалната застапеност е околу 99,5%, додека во 2021 и 2022 година се намалува на 97,9% односно на 97,8%.

10. Бројот на смртни случаи на мајки во анлизираниот период е 0 во 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 и 2022 година, 1 во 2012, 2013 и 2020 година и 2 во 2021 година.

11. Бројот на нови случаи на дијабетес и бројот на сите случаи на дијабетес во Северна Македонија покажува тренд на зголемување. Бројот на нови случаи на дијабетес се зголемува од 2207 случаи во 2012 на 7737 случаи во 2022 година, додека бројот на сите случаи на дијабетес од 49276 случаи во 2012 година се зголемува на 134668 случаи во 2022 година. Постојат повеќе причини за ваквото зголемување на бројот на заболени од дијабетес: неправилен начин на живот, слабости во здравствениот систем, подобрување на здравствената евиденцијата итн.

12. Бројот на лица на кои им е доделен статус на инвалидност (попреченост) и соодветни социјални бенефиции во текот на дадената календарска година во Северна Македонија во периодот 2012 -2022 година не се менува значително освен во 2014, 2015 и 2020 година кога бројот на нови лица кои добиле инвалидско осигурување е забележително помал. Додека пак бројот на лица кои примаат социјален/инвалидски надоместок во анализираниот период бележи нагорен тренд и од 39795 лица во 2012 година кои примале социјален/инвалидски надоместок се зголемил на 86005 лица во 2022 година.

13. Во Северна Македонија најмал број на епидемии од микробиолошки контаминирана храна (1) во периодот 2012-2022 година имало во 2020 година, а најмногу (8) епидемии во 2017 и 2018 година. Најмал број на лица (57) добиле труење во храна во 2020 година, а најголем број (952) во 2012 година.

14. Бројот на повредени лица поради несреќи при работа во анализираниот период има тренд на опаѓање. Во 2012 година се регистрирани 1375, а во 2022 година 574 повредени лица. Бројот на смртни случаи во сите години од периодот 2012-2022 година е 0 освен во 2012 година кога е регистриран 1 смртен случај и во 2014, 2016 и 2017 година кога се регистрирани по 2 смртни случаи.

15. Вкупните здравствени трошоци како % од бруто домашниот производ (БДП) во период 2012-2022 година во Република Северна Македонија не се менуваат значително. Се движат од 6,69% во 2012 година, 8,2% во 2021 година, а 7,4% во 2022 година.

16. Јавни здравствени расходи како % од вкупни здравствени трошоци во анализираниот период во нашата земја покажуваат тренд на пораст и се движат од 48,69% во 2012 година, 61,34% во 2017 година до 64,2% во 2022 година.

17. Во нашата земја вкупните капитални инвестициски расходи за медицински установи како % од вкупни здравствени расходи во периодот од 2012-2022 година континуирано се намалуваат од 7,85% во 2012 година до 1,07% во 2022 година.

18. Во периодот од 2012-2022 година во нашата земја бројот на регистрирани извршени абортуси на сите возрасти бележи тренд на опаѓање. Исто така, опаѓа бројот на извршени абортуси кај жени на возраст помала од 20 години и кај жени на возраст поголема од 35 години.

19. Бројот на живородени на возраст помала од 20 години во периодот 2012-2022 година речиси двојно се намалува, додека бројот на живородени од мајки на возраст над 35 години во 2021 и 2022 години значително опаѓа во однос на претходните години од анализираниот период, кога бројот не се менува значително и е релативно стабилен.

20. Процентот на живородени со родилна тежина од 2500 гр. или повеќе во следениот период континуирано опаѓа, во 2012 година изнесува 92,8%, а во 2022 година 90,0%.

21. Број на деца родени со конгенитални аномалии од 566 во 2012 година се зголемува дури на 1351 во 2015 година, за да во 2021 година се намали на 487 и во 2022 година на 509.

22. Во перодот 2012-2022 година бројот на деца дијагностицирани со Down-ов синдром во првата година од животот се движи од 8 до 12, освен во 2015 година кога се пријавени 19 и во 2020 година 15 деца.